# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 1.3.2019 год.<br>Скопје<br>Број 4 год. XIV | Претплатата за 2017 год. износува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |
|---|---|---|



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


март, 2019 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Заклучок по Годишниот извештај за работа на Полициската станица од општа надлежност „Центар“ во 2018 година, со Решение за објавување .......................................................................................... 1 - 2

- Одлука за подигнување спомен-обележје од локално значење на Горан Стефановски, со Решение за објавување .................................... 3 - 5

- Одлука за формирање Општински совет за превенција од детско престапништво на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ............................................................................................ 6 - 8

- Одлука за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје, со Решение за објавување ...................................................................... 9 - 10

- Одлука за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин“-Скопје, со Решение за објавување ......... 11 - 12

- Одлука за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „13 Ноември“-Скопје, со Решение за објавување ..... 13 - 14

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ“ Б.Б.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот по Годишниот извештај за работа на Полициската станица од општа надлежност „Центар" во 2018 година**

Се објавува Заклучокот по Годишниот извештај за работа на Полициската станица од општа надлежност „Центар" во 2018 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 25. седница, одржана на 21.2.2019 година и на 28.2.2019 година.

Бр. 09-952/27
28.2.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на 25. седница, одржана на 21.2.2019 година и на 28.2.2019 година, расправаше по Годишниот извештај за работа на Полициската станица од општа надлежност „Центар" во 2018 година и донесе

**З А К Л У Ч О К**
**по Годишниот извештај за работа на Полициската станица од општа надлежност „Центар" во 2018 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работа на Полициската станица од општа надлежност „Центар" во 2018 година.

2. Овој Заклучок да се достави до Градоначалникот и до Полициската станица од општа надлежност „Центар".

3. Заклучокот стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-952/26
28.2.2019 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за подигнување спомен-обележје од локално значење на Горан Стефановски**

Се објавува Одлуката за подигнување спомен-обележје од локално значење на Горан Стефановски,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 25. седница, одржана на 21.2.2019 година и на 28.2.2019 година.

Бр. 09-952/29
28.2.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 18 ставови 1 и 2 од Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата („Службен весник на РМ" бр. 66/04 и 89/08) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), а во врска со Иницијативата на Македонската академија на науките и уметностите за подигнување спомен-обележје на Горан Стефановски, Советот на Општина Центар-Скопје на 25. седница, одржана на 21.2.2019 година и на 28.2.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за подигнување спомен-обележје од локално значење на Горан Стефановски**

**Член 1**

Заради одбележување на делото и оддавање почит на личноста на Горан Стефановски, најдаровитиот и најплодниот драмски автор, ќе се подигне спомен-обележје од локално значење на подрачјето на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Спомен-обележјето од локално значење ќе биде уметничко дело – скулптура, според опис и содржина што ќе ги определи подносителот на Иницијативата за подигнување на спомен-обележјето.

**Член 3**

Спомен-обележјето ќе се постави во триаголното паркче меѓу улиците „Орце Николов", „Михаил Цоков" и „Ѓуро Ѓаковиќ" и ќе биде донација од семејството на Горан Стефановски.

Трошоците за партерно уредување и за засадување садница од дрвото Platanus occidentalis tricolor, кои се составен дел на спомен-обележјето, паѓаат на трошок на Буџетот на Општина Центар-Скопје.

**Член 4**

За управувањето, чувањето, одржувањето, заштитата и користењето на спомен-обележјето со свои средства ќе се грижи Општина Центар-Скопје.

**Член 5**

За спроведување на постапката за подигнување на спомен-обележјето се именува Одбор за подигнување спомен-обележје на Горан Стефановски, во состав:

-Мирослав Грчев, проф. дипл. архитект - претседател;
-Јана Белчева Андреевска, претседател на Советот на Општина Центар-Скопје - член;
- Лидија Неделковска, раководител на Одделение за култура - член.

**Член 6**

Одборот има задача да ги врши следниве работи:

- да ги разгледува општите прашања и да предлага мерки и активности во врска со подигнувањето на спомен-обележјето;
- да го следи извршувањето на оваа Одлука и за тоа да достави извештај до Советот на Општина Центар-Скопје;
- може да врши и други работи што произлегуваат од оваа Одлука и од другите прописи што се однесуваат на активностите што се од негова надлежност.

**Член 7**

Стручните и административно-техничките работи за Одборот ќе ги вршат соодветните служби на општинската администрација.

**Член 8**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-952/28
28.2.2019 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за формирање Општински совет за превенција од детско престапништво на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за формирање Општински совет за превенција од детско престапништво на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 25. седница, одржана на 21.2.2019 година и на 28.2.2019 година.

Бр. 09-952/31
28.2.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), а во врска со членовите 158 и 159 од Законот за правда на децата („Службен весник на РМ" бр. 148/13), Советот на Општина Центар-Скопје на 25. седница, одржана на 21.2.2019 година и на 28.2.2019 година, донесе

## ОДЛУКА
## за формирање Општински совет за превенција од детско престапништво на Општина Центар-Скопје

### Член 1

Се формира Општински совет за превенција од детско престапништво на Општина Центар-Скопје.

### Член 2

За членови на Општинскиот совет за превенција од детско престапништво на Општина Центар-Скопје се именуваат следниве претставници:

1. Лирие Елези Ајрула - судија за малолетници - Основен суд Скопје 1;
2. Елизабета Павловска-јавен обвинител - Основно јавно обвинителство;
3. Весна Аврамовска Лазеска - дипломиран социјален работник - ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа;
4. Катерина Стојкова - инспектор за превенција - СВР Скопје;
5. Татјана Соколовска - адвокат - Адвокатска комора на РМ;
6. Моника Силјановска - претседател на Совет на родители на ООУ „Кочо Рацин";
7. Владимир Анчев - претседател на Совет на родители на ООУ „Димитар Миладинов";
8. Славица Кукуловска - претседател на Совет на родители на ООУ „11 Октомври";
9. Викторија Мадиќ - претседател на Совет на родители на ООУ „Гоце Делчев";

10. Горан Андоновски - претседател на Совет на родители на ООУ „Коле Неделковски";
11. Даница Николовска – член Совет на родители на ООУ „Ј.Х Песталоци";
12. Сашо Јанев - член на Совет на родители на ООУ „Св. Кирил и Методиј".
13. Ружа Пачаџиева - член на Советот на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Членовите на Општинскиот совет за превенција од детско престапништво на Општина Центар-Скопје се именуваат со мандат од пет (5) години, со право на повторен избор.

**Член 4**

Претседателот на Општинскиот совет за превенција од детско престапништво на Општина Центар-Скопје го избираат членовите на Општинскиот совет, со мандат од две (2) години, со право на повторен избор.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-952/30
28.2.2019 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 25. седница, одржана на 21.2.2019 година и на 28.2.2019 година.

Бр. 09-952/33
28.2.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15) и член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13), Советот на Општина Центар-Скопје на 25. седница, одржана на 21.2.2019 година и на 28.2.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје дава согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје, бр. 02-625/3 од 11.12.2018 година, донесен од Управниот одбор на ЈУДГ на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-952/32
28.2.2019 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 25. седница, одржана на 21.2.2019 година и на 28.2.2019 година.

Бр. 09-952/35
28.2.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15) и член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр. 23/13), Советот на Општина Центар-Скопје на 25. седница, одржана на 21.2.2019 година и на 28.2.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје дава согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје, бр. 01-807 од 5.12.2018 година, донесен од Управниот одбор на ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-952/34
28.2.2019 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 25. седница, одржана на 21.2.2019 година и на 28.2.2019 година.

Бр. 09-952/37
28.2.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15) и член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр. 23/13), Советот на Општина Центар-Скопје на 25. седница, одржана на 21.2.2019 година и на 28.2.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје дава согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје, бр. 02-384/15 од 14.12.2018 година, донесен од Управниот одбор на ЈУДГ на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-952/36
28.2.2019 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.